РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 05.09.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2469/10 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 31 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 и 6/12), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **пијано** за петто одделение на деветгодишното основно музичко и балетско образование.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ПИЈАНО

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2012

## 1. ВОВЕД

Во петто одделение на деветгодишното основно музичко образование се изучуваат два наставни предмети: солфеж и инструмент по избор.

Наставата по предметот пијано е индивидуална и се изведува практично.

- Фонд на часови: 2 часа неделно по 30 минути со индивидуална настава, односно 72 часа годишно.
- Статус на предметот: задолжителен.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ПИЈАНО ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да развива љубов кон музиката преку изучување на пијаното;
- да ги открива изразните можности на инструментот;
- да ги употребува импровизацијата или компонирањето како креативни вештини;
- да свири од нотен текст во виолински и бас клуч низ целата клавијатура;
- да ги препознава ознаките за педал и да го употребува педалот;
- да препознава музичка реченица (фраза) во пиесите што ги свири и правилно да фразира;
- да ги препознава деловите од кусите дводелни и троделни форми;
- да препознава и изведува едноставни музички форми како етида, мали прелудиуми, фугети, сонатина, сонатен став, варијации и сл.;
- да го збогати емоционалниот живот преку свирење на композиции од разни жанрови;
- да развива музичка меморија;
- да свири дурски и молски скали до три предзнака;
- да покажува способност за транспонирање во дурски и молски скали до три предзнака;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да го развива естетскиот вкус и критичко мислење за вреднување на музиката;
- да покажува вештина за читање на едноставен нотен запис по принципот прима-виста.

### 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема I: Музичка писменост и запознавање со музичките форми (20 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да свири вежби на целата клавијатура;<br><br>- да ги применува разните нотни вредности поединечно и комбинирано;<br>- да ги препознава нотните вредности шеснаестина со точка, триесетидвојки и нивните паузи;<br><br>- да употребува разновидни ритмички комбинации;<br><br>- да ги препознава и применува орнаментите трилер, групето, мордент, пралтрилер;<br><br>- да препознава музичка форма етида;<br><br>- да препознава музичка форма сонатина и сонатен став; | - Вежби за пијано во опсег на целата клавијатура<br><br>- Вежби со примена на разни нотни вредности поединечно и комбинирано<br><br>- Вежби со разновидни ритмички комбинации<br><br>- Вежби со орнаменти трилери, групето, мордент, пралтрилер;<br>- композиции во форма на етида<br><br>- Композиции во форма на сонатен став | - Контра, субконтра, голема, мала, прва, втора, трета, четврта октава<br>- Бас, дискант<br>- Ноти во виолински и бас клуч во сите октави<br><br>- Разни нотни вредности (цели, половини, четвртини, осмини, триоли, шеснаестини, осмина со точка, шеснаестина со точка, триесетидвојки ноти и паузи)<br><br>- 9/8 такт<br><br>- Орнаменти: трилери, групето, мордент, пралтрилер<br><br>- Етида<br><br>- Сонатина<br><br>- Сонатен став: прва тема, втора тема, развоен дел, реприза (реекспозиција) | - Свирење вежби за пијано во опсег на целата клавијатура.<br><br>- Свирење вежби со примена на разни нотни вредности поединечно и комбинирано.<br><br>- Свирење вежби со разновидни ритмички комбинации.<br><br>- Свирење вежби во 9/8 такт.<br><br>- Свирење вежби со орнаменти: трилери, групето, мордент, пралтрилер.<br><br>- Свирење етиди.<br><br>- Свирење сонатини и сонатни ставови. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да препознава музичка форма варијации;<br><br>- да препознава музичка форма прелудиум, фугета, барокни танци и сл. | - Композиции во форма на варијации<br><br>- Композиции во форма на прелудиум, фугета,<br>барокни танци и сл. | - Варијации<br><br>- Прелудиум, фугета, барокни танци и сл. | - Свирење варијации.<br><br>- Свирење на мали прелудиуми, фугети, барокни танци и сл.<br><br>**Методи:**<br>монолошка;<br>дијалошка;<br>демонстративна. |

| Тема II: Техничка компонента на изведбата на пијано (20 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да развива вештина за изедначеност, јасност и компактност при свирењето скали; | - Скали A – Dur, fis-moll, Es – Dur, c-moll; | - Дурски и молски скали до три предзнаци | - Свирење дурски и молски скали до три предзнаци. |
| - да ја развива и усовршува вештината за координирано свирење со двете раце; | - Композиции за усовршување на техниката | - Етида и техничка вежба | - Свирење етиди за усовршување на техниката при свирењето. |
| - да ја усовршува вештината за свирење дела со примена на техниката на имитација; | - Вежби со имитација | - Имитација | - Свирење вежби со имитација. |
| - да развива вештина за свирење на едноставни и посложени полифони композиции со нивните орнаменти; | - Полифони композиции | - Полифонија (мали прелудиуми, фугети, барокни танци и сл.) | - Свирење полифони композиции како мали прелудиуми, фугети, барокни танци и сл.. |
| - да развива вештина за координирано и синхронизирано свирење различни видови артикулација во двете раце (легато и портато, легато и стакато) и во различно темпо; | | - Артикулација: legato, portato, staccato | |
| - да препознава и применува дурски и молски трозвуци до три предзнаци со свртувањата. | - Вежби со трозвуци | - Дурски и молски трозвук, квинтакорд, секстакорд, квартсекстакорд до три предзнаци | - Свирење вежби со дурски и молски трозвуци до три предзнаци.<br>**Методи:**<br>монолошка;<br>дијалошка;<br>демонстративна. |

| Тема III: Интерпретациска компонента на изведбата на пијано (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги знае и да ги применува основните ознаки за динамика; | - Композиции со разни динамички, темпови ознаки и музички изрази | - Пијанисимо (pp)<br>- Пијано (p)<br>- Мецопијано (mp)<br>- Мецофорте (mf)<br>- Форте (f)<br>- Фортисимо (ff)<br>- Крешендо (crescendo)<br>- Декрешендо (decrescendo)<br>- Диминуендо (diminuendo)<br>- Сфорцандо (sf) | **Активности**<br><br>- свирење композиции кои содржат динамички ознаки: pp, p, mp, mf, f, ff, sf, crescendo, decrescendo, diminuendo |
| - да ги препознава и применува ознаките за темпо со музичките изрази; | | - Adaџо (Adagio)<br>- Анданте (Andante)<br>- Модерато (Moderato)<br>- Алегрето (Allegretto)<br>- Алегро (Allegro)<br>- Виво (Vivo)<br>- Виваче (Vivace)<br><br>- dolce<br>- poco a poco<br>- più<br>- molto<br>- non troppo<br>- marcato<br>- leggiero и сл.. | - свирење композиции кои содржат темпови ознаки и музички изрази како: Adagio, Andante, Moderato, Allegretto, Allegro, Vivo, Vivace, dolce, poco a poco, più, molto, non troppo, marcato, leggiero и сл. |
| - да се запознава со вештината на употреба на педалот; | - Композции со различни стилски карактеристики од различни епохи и жанрови | | - Свирење композиции со примена на педал. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознава со стилските карактеристики на музичките правци и жанрови;<br><br>- да препознава и изведува мали музички дводелни, триделни форми и сонатен став;<br><br>- да изведува кратки музички форми со примена на техниката на варирање на музичкиот материјал;<br><br>- да изведува кратки музички форми инспирирани од традиционалното творештво на разни народи. | - Композиции со дводелна, триделна форма и сонатен став | - Класична музика<br>- Народна (традиционална) музика<br>- Филмска музика;<br>- Детска музика<br><br>- Етида<br>- Прелудиум<br>- Фугета<br>- Барокни танци<br>- Сонатина<br>- Сонатен став<br>- Варијации<br>- Народни песни и др. | - Свирење композиции од различни стилски епохи и жанрови.<br><br>- Свирење композиции со дводелна, триделна форма и сонатен став.<br><br>- Свирење композиции со примена на техниката на варирање;<br><br>- Свирење композиции инспирирани од традиционалнопто творештво на разни народи.<br><br>**Методи:**<br>монолошка;<br>дијалошка;<br>демонстративна. |

| Тема IV: Свирење прима виста (12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да идентификува едноставен непознат нотен запис;<br>- да развива вештина за свирење непознат нотен запис според принципот прима- виста. | - Едноставни двогласни нотни записи кои содржат цели, половини, четвртини, осмини и шеснаестини нотни вредности или паузи и се запишани во прва, втора, мала и голема октава, прикладни за идентификување и свирење прима-виста | - Прима виста. | **Активности**<br><br>- Свирење едноставни непознати двогласни вежби.<br><br>**Методи:**<br>монолошка;<br>дијалошка;<br>демонстративна. |

| **Тема V**: Креативни вештини - свирење по слух, импровизација и компонирање (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да развива вештина за репродуцирање и транспонирање едноставни мелодии по слух во тоналитети до три предзнаци;<br>- да креира сопствени мелодии;<br>- да импровизира или компонира технички вежби со нотните вредности цели, половини, осмини, триоли, шеснаестини, триесетидвојки и орнаментите трилери, морденти, пралтрилери или групета;<br>- да импровизира во 2/4, 3/4, 4/4, 3/8, 6/8 и 9/8 такт;<br>- да импровизира и транспонира во тоналитети до три предзнаци со сопствена акордска придружба;<br>- да импровизира или компонира со кратки имитации;<br>- да импровизира или компонира кратки пиеси во дводелна и триделна форма. | - Свирење по слух на познати мелодии со сопствена акордска придружба и нивно транспонирање во тоналитети до три предзнаци<br><br>- Импровизирање или компонирање на технички вежби за совладување на разни техники и изведба на орнаменти<br><br>- Импровизирање или компонирање на сопствени мелодии со акордска придружба во тоналитети до три предзнаци<br><br>- Импровизирање или компонирање на едноставни кратки пиеси во дводелна или троделна форма во тоналитети до три предзнаци | - Свирење по слух<br>- Импровизација<br>- Транспонирање<br>- Компонирање | **Активности**<br>- Свирење познати мелодии и нивно транспонирање во тоналитети до три предзнаци<br><br>- Импровизирање или компонирање на технички вежби за совладување на разни техники и изведба на орнаменти.<br><br>- Свирење познати мелодии со двете раце во хомофон стил (мелодија со акордска придружба) во тоналитети до три предзнаци<br><br>- Креирање на сопствени импровизации или композиции во дводелна и троделна форма во тоналитети до три предзнаци.<br><br>**Методи:**<br>монолошка;<br>мијалошка;<br>демонстративна. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот пијано во петто одделение на основното музичко образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините по предметот солфеж. Се дава можност и за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност со потребите на учениците и планираните активности. Во табелата е даден бројот на часовите на секоја од петте теми и бројот на задолжителниот минимум на градиво кое ученикот треба да го совлада во текот на петто одделение. Двете мерки се ориентациони.

Годишен фонд на часови - ориентационо:

| | **ТЕМИ** | **Број на часови** | **Број на вежби годишно** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Музичка писменост | 20 часа | 5 - 10 вежби |
| **2.** | Техничка компонента на изведбата на пијано | 20 часа | 4 скали и 5-10 композиции |
| **3.** | Интерпретациска компонента на изведбата на пијано | 10 часа | 5 - 10 композиции |
| **4.** | Свирење прима-виста | 12 часа | секое ново дело |
| **5.** | Креативни вештини - свирење по слух, импровизација и компонирање | 10 часа | 5 - 10 вежби |
| | **Вкупно годишно:** | **72 часа** | **меѓу 20 - 40 вежби годишно** |

**Наставни средства**

методски прирачници (предлог):
- Л. Пиперковска - Распеани и разиграни прстиња 2
- Л. Пиперковска - Распеани и разиграни прстиња 3
- Ј. Кршиќ - Клавирска читанка (3) и (4)
- А. Николаев - Школа за свирење пијано
- Л. Пиперковска - Прирачник за скали и акорди
- Л. Шабан - Прирачник за скали и акорди
- Ј. С. Бах – Мали композиции за пијано
- Ј. С. Бах- 12 Мали прелудиуми и фугети
- Ј. Кршиќ – Избор сонатини за пијано
- В. А. Моцарт – Виенски сонатини
- К. Черни: Етиди оп 849 и оп. 299 I книга.

## 5.ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно и континуирано се следат и вреднуваат постигањата на учениците и се прибираат показатели за нивната редовност, ангажираност, техничката и интерпретациската компонента на музичкото изразување, како и посветеноста во работата. При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секој ученик. Сите обработувани содржини и податоците за редовноста, обработуваниот материјал и постигнувањата треба да се бележат во ученичкиот дневник за индивидуална настава кој на годишниот испит ќе служи како едно од мерилата за формирање на годишната оценка. Секое тромесечје ученикот се оценува од матичниот наставник во училишниот дневник според претходно наведените критериуми. Финалната годишна оценка се добива со полагање на годишен испит пред трichлена комисија на крајот од учебната година. Испитната програма се изведува напамет.

При полагањето учениците се оценуваат описно со краток текст. Наставникот при оценувањето треба да има индивидуален пристап кон секое дете. Во текот на учебната година се препорачува да се одржат минимум два јавни часови на кои ќе настапат сите ученици пред публика. Завршната оценка се формира според индивидуалните способности на детето, редовноста, ангажираноста, посветеноста, тромесечните оцени добиени преку увид во дневникот за индивидуална настава и нивото на квалитет при изведба на зададените музички дела на годишниот испит.

Годишниот испит по пијано за учениците од петто одделение се состои од:

1. Изведба на една скала до 3 предзнаци на следниот начин:
- низи во опсег од една октава, во паралелно движење со двете раце;
- квинтакорд на првото стапало од истата скала и неговите свртувања, во опсег од една октава, симултано и разложено со двете раце.

2. Изведба на 4 пиеси од наведените или од други учебници - школи за пијано по слободен избор, но да бидат застапени следните музички форми:
- етида;
- полифона композиција во форма на барокен танц, мал прелудиум, фугета и сл.;
- став од сонатина или соната со карактеристики на сонатен став или тема со варијации;
- композиција по слободен избор.

Пиесите се изведуваат напамет. Композицијата по слободен избор може да биде компонирана од самиот ученик на часовите по креативни вештини, по можност во дводелна или триделна форма.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор за основно музичко училиште и за наставните средства донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- да покажува правилна интерпретација на зададените поими од областа на музичката писменост;
- да покажува вештина за изедначеност, јасност и компактност во тонската звучност;
- да покажува вештина за координирано и синхронизирано свирење со двете раце;
- да покажува вештина за интепретација на скали до три предзнака во опсег од една октава и акорди на главните стапала;
- да покажува вештина за интерпретација на етиди;
- да покажува вештина за интерпретација на барокни композиции;
- да покажува вештина за интерпретација на став од сонатина или соната;
- да покажува вештина за интерпретација на варијации;
- да демонстрира музичка меморија;
- да ги применува интерпретациските ознаки и стилски особини при свирењето на музичко дело;
- да репродуцира двогласни нотни записи преку свирење прима-виста;
- да покажува вештина за репродуцирање едноставни мелодии по слух со сопствена акордска придружба, да импровизира;
- или компонира свои композиции во дводелна и троделна форма.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по пијано за петто одделение на основното музичко училиште може да ја изведува лице кое завршило:
- факултет за музичка уметност- вокално-инструментален оддел, насока пијано, степен VII/1.

**Изготвил:** Работна група формирана со решение број 02-571/1 од 09.02.2012 година
**Координатор:** м-р Анкица Витанова, советник, Биро за развој на образованието
**Контролирал:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор

**Одобрил**: м-р Весна Хорватовиќ, директор

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по пијано за **петто** одделение на деветгодишното основно музичко и балетско образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден 03. 03. 2012

Скопје

Министер,

м-р Панче Кралев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4357/19
04.03 20 12 год.
СКОПЈЕ